**Упатство за изработка на трудови за списанието „Македонски архивист“**

Списанието „Македонски архивист“ на ДАРМ објавува: статии, прилози, материјали, хроники, патеписи, сеќавања, ликови, критики, библиографии, рецензии, прикази, соопштенија и др.

Трудовите за списанието „Македонски архивист“ се доставуваат по електронска пошта (makedonski.arhivist@arhiv.gov.mk) или лично на адресата на Државниот архив до секретарот на Редакцискиот одбор.

Структурата на категоризираните трудови е следна:

- име и презиме;
- научен степен и звање на авторот;
- институцијата каде авторот работи;
- наслов на трудот;
- апстракт на англиски јазик, односно македонски јазик (до 100 збора);
- клучни зборови на англиски јазик (до 10);
- основен текст (не повеќе од 40.000 карактери со spaces), во формат Microsoft Word, Times New Roman, кегел 12, Footnotes;
- прифатените трудови од страна на редакцијата за печатење кои не се на македонски, англиски, германски, француски и руски јазик, се објавуваат во превод на македонски јазик;
- за трудовите на македонски јазик задолжително е почитувањето на правописот кај наводниците („...“), полунаводниците (’...‘) и надредниот знак (Ѐ, ѐ, Ѝ, ѝ), како и при наведувањето на личните географски имиња од странско потекло.
- датумите во еден ист прилог се пишуваат изедначено, на еден од следниве начини: 8 септември 1991; 8.9.1991; 8. IX 1991.

**Упатство за цитирање**

**Монографии:**
Орде Ивановски, *Димо Хаџи Димов*, Скопје, 1995, 55–57.
*Истото*, 89.
Кога истото дело се наведува повторно на друго место, се употребува скратен наслов: Орде Ивановски, *Димо...*, 91–92.

**Цитирање статии во списанија:**
Верица Јосимовска, Руските емигранти и културните настани во Штип во периодот 1923 – 1927 г., *Гласник на Институтот за национална историја* (натаму: ГИНИ), год. 60, бр. 1, Скопје 2016.
*Истото*, 201.
Кога истото дело се наведува повторно на друго место, се употребува скратен наслов:
Верица Јосимовска, *Руските емигранти...*, 199–200.

**Цитирање прилози од книги и од зборници:**
Александар Матковски, Одгласот на Карпошовото востание, *Триста години од Карпошовото востание* (гл. ред. Томо Томоски), Скопје 1999, 311–325.

**Цитирање од весници:**
„Што станува со архивските материјали?“, *Нова Македонија*, бр. 2699, 24 јули 1953.

**Цитирање архивски фондови:**
Државен архив на Република Македонија, Скопје (натаму: ДАРМ), фонд „Министерство за надворешни работи на Кралството Србија – Белград (1839–1918)“, кут. 1, а.е. 2.

**Цитирање од енциклопедии:**
„Учителски школи во Македонија“, Македонска енциклопедија (натаму МЕ), т. 2, Скопје 2009, 1543.

**Цитирање од веб–страници:**
Делата се наведуваат спрема горенаведените правила само со додаток на две коси црти (//) и веб страницата во италик.

**При цитирањето на литература на странски јазици:**
наместо *Истото* се употребува кратенка од Ibidem – *Ibid.*

Илустрациите кои се прикажуваат во трудот треба да бидат адекватно скенирани (со јасно читлив текст доколку го има). Секоја илустрација мора да биде означена со бројка, мора да има легенда и назначено место внатре во текстот каде ќе се најде. Форматот на илустрацијата може да биде во: jpg или tiff (300 pixels/inch). Секоја илустрација мора да биде во посебна датотека.